М-р Љирим Кадриу[1]

# ПОГОДНОСТИ ЗА ОСУДЕНИТЕ ЛИЦА ВО СИСТЕМОТ НА ИЗВРШУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ САНКЦИИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „НИЗ ПРИЗМАТА“ НА ДОМАШНАТА И МЕЃУНАРОДНАТА РЕГУЛАТИВА

**1.02 Прегледна научна статија**
**УДК 35.077.2/.3(497.7)**
**347.998.85(497.7)**

**Апстракт**

Централна линија во овој труд се погодностите, како особено значаен институт за секое осудено лице во текот на издржувањето на казната затвор. Погодностите што на осудените може, но и не мора да им бидат доделени не се загарантирано право, туку имаат факултативен карактер. Погодностите претставуваат награда што осуденото лице може да ја добие поради добро поведение, покажан интерес и соработка со тимот за ресоцијализација, поттикнување добро однесување во установата итн. Од друга страна, доделената погодност е значајна алатка и мерило за нивото на успешност на процесот на ресоцијализација, како и мотивација за понатамошно добро поведение и успешна реинтеграција. Во трудот се разработени аспектите на значењето на погодностите, т. е. погодностите со кои „располагаат“ осудените лица во нашата земја од перспектива на нормативно определените погодности во домашното законодавство, но и ставот на меѓународната регулатива за погодностите, постапката за нивно доделување, како и позитивните, но и негативните ефекти од нивното користење. И покрај фактот за можна злоупотреба на погодностите, не треба да се размислува во насока на нивно „недоделување“, туку во насока на изнаоѓање начини за доведување до „минимум можности“ за нивна злоупотреба, како и стремеж за создавање услови за унапредување на системот на погодностите преку збогатување на бројот на погодностите и нивната содржина.

**Клучни зборови:** погодности, добро поведение, ресоцијализација, реинтеграција, осудено лице

## 1. Вовед

Во пенолошката литература ретко се наидува на прецизно определување на поимот и значењето на погодностите за осудените лица во текот на издржувањето на изречената казна затвор. Сепак, темата за погодностите наидува на интерес во голем број

[1] Авторот е магистер по правни науки од областа на казненото право и криминологија. Е-пошта: lirimkadriu83@gmail.com
The author is a master of legal sciences in the field of criminal law and criminology. E-mail: lirimkadriu83@gmail.com

стручни и научни трудови, па така, според мислењето на Д. Џуриќ, погодностите се средства за превоспитна работа како вредност што мотивира, поттикнува и насочува прифаќање нови вредности и нови модели за поведението на осудените лица.[2] Исто така, В. Проевски ќе каже дека погодностите се пенолошки институт чија основна функција е да ги стимулира осудените лица на примерно однесување и залагање во работата во текот на издржувањето на казната затвор.[3] Според мислењето на професор д-р Александра Груевска Дракулевски, погодностите што им се доделуваат на осудените лица се значаен пенолошки институт за успешно остварување на процесот на ресоцијализација.[4] Погодностите значат доделување признание на осуденото лице за напорите што ги чини во процесот на превоспитувањето, но и инструмент за индивидуализација на третманот. Тие претставуваат пенолошки инструмент што е успешно вграден во елементите за класификација на осудените лица со цел постојано да ги стимулира на позитивни активности.[5]

Во објаснението на избраните поимања на погодностите, кога се зборува за погодности за осудените лица, од една страна, се мисли на награда за добро, примерно поведение во текот на издржувањето на казната затвор, а од друга страна, на стимулација за понатамошно дисциплинирано поведение на осуденото лице, што е значаен елемент за успешно остварување на процесот на ресоцијализација.

Оттука, институтот погодност може да го „расчлениме“ на неколку релевантни елементи: 1. Пред сè, погодноста е награда за осуденото лице; 2. Наградата е „заслужена“ со добро и примерно поведение од страна на осудениот; 3. Наградата воедно има функција на моќно средство за понатамошна стимулација на дисциплинирано поведение на осуденото лице и негово активно вклучување во сопствениот процес на ресоцијализација, што претставува крупен чекор во подигнувањето на свеста на осудените лице за ресоцијализацијата и превоспитувањето, како основни елементи на казната затвор.

## 2. Позитивните ефекти што погодностите ги „произведуваат“ за осудените лица

Денес не постојат дилеми околу непроценливата вредност на погодностите како стимулативен фактор за осудените лица и ефикасно средство во процесот на нивната ресоцијализација и реинтеграција. Па така, основната цел на погодностите е доближувањето на осудените лица кон животот на слобода, од што и произлегува карактерот на погодностите што на осудените лица во пенитенцијарниот систем во

[2] Д. Џуриќ, Погодности во системот за извршување на кривични и прекршочни санкции во СР Босна и Херцеговина, Материјали од седмото советување на Здружението за пенологија на Босна и Херцеговина, Бања Лука, 1976 година.
[3] В. Проевски, Збирка на прописи за извршување на санкциите со коментар, „Службен весник на СРМ“, Скопје, 1981 година.
[4] Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2013) “Granting Privileges to Prisoners in the Penologica Practice of the Republic of Macedonia”, in Iustinianus Primus Law Review, No. 8, winter 2013, Skopje: Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje.
[5] Арнаудовски, Љ./Груевска Дракулевски, А., „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје, 2013 година.

нашата држава им се овозможени со домашната регулатива. Имено, освен погодноста за уредување на животниот простор со лични предмети, сите останати погодности се однесуваат на директно или индиректно контактирање на осуденото лице со надворешниот свет.

Всушност, „доделувањето“ на погодностите на осуденото лице му овозможува да биде во почест контакт со членовите на своето семејство, при што на тој начин се обезбедуваат трајност на емоционалната семејна врска, активно учество на осудениот во донесувањето семејни одлуки, а се обезбедуваат и лични придобивки за осудениот, како што се превенција од неизбежните негативни последици од депривацијата, можност за осудениот да ги одржува врските со надворешниот свет што може да значат и довршување извесно образование, остварување контакти поради иден работен ангажман и сл.

Со оглед на значајната функција на погодностите, денес во светот речиси и да не постои земја каде што погодностите не се институционализирани од страна на законодавецот и сè повеќе се обезбедуваат услови за нивна доследна примена, како фактор што осуденото лице го става во центарот на своето лично превоспитување.

Покрај фактот што погодностите влијаат врз корекцијата на личноста на осуденото лице, врз позитивната промена на навиките и вредностите на осудениот и неговиот „поглед на светот“, се претпоставува дека, со нивна доследна примена, ќе се постигне и друга придобивка, односно стекнатите вредности ќе продолжат да се применуваат од страна на осудениот и во иднина, по издржувањето на казната затвор.

И, секако, од големо значење за постигнувањето на очекуваниот ефект од погодностите е нивната доследна примена, односно нивно „доделување“ исклучиво како „заслужена“ награда, признание за добро, коректно и дисциплинирано поведение на осуденото лице во текот на издржувањето на казната затвор.

## 3. Погодностите „низ призмата“ на домашната и меѓународната регулатива

Погодностите, како значаен пенолошки институт, во никој случај не треба да се поистоветуваат со правата на осуденото лице. Со оглед на сето погоре споменато, јасно е дека погодностите не се право само по себе, ниту, пак, проширување на законски обезбедените права на осудените лица, туку „условено право“, можност со која осуденото лице се стекнува под услов да исполнува извесни, законски предвидени критериуми.

Имено, за доброто поведение и залагање во работата, како и за поттикнувањето добро однесување и за развивање на чувството за одговорност и за интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата, на осудените лица може да им се дадат одделни погодности. Погодностите претставуваат збир на мерки за поттикнување на довербата на осуденото лице, ублажување на затворската дисциплина и негативните влијанија на затворањето, одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на ресоцијализацијата, јакнење на одговорноста и самодовербата заради негово

оспособување за живот во согласност со правниот поредок и исполнување на граѓанските обврски.[6]

Понатаму, согласно Правилникот за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа[7], условите што треба да ги исполни осуденото лице за да може да му се дадат определени погодности се: добро поведение, кое опфаќа давање позитивен пример во средината и примерно однесување; залагање во работата, кое опфаќа извршување на дадените задачи и самоиницијативност во нивната реализација; поттикнување добро однесување; изградено чувство на одговорност и поддржување на интересот и соработката во третманот што се спроведува во установата.

Видно од погоре цитираните одредби, погодностите во нашето законодавство имаат факултативен карактер и не се третираат како право на осуденото лице, туку како определена дополнителна вредност, односно како награда што на осуденото лице, по исполнувањето голем број услови, може, но и не мора да му се додели.

Во содржината на одредбите на Законот и Правилникот наведени се т.н. општи услови што едно осудено лице треба да ги исполнува за воопшто понатаму да се разгледува можноста за „доделување“ погодност, а тоа се: добро поведение, залагање во работата, поттикнување добро однесување, развивање на чувството за одговорност, интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата итн. Понатаму, видот и обемот на погодностите што ќе се користат зависат од степенот на обезбедување и ограничување на слободата на движење на осуденото лице во установата, неговото поведение и постигнатите резултати во спроведувањето на индивидуалната програма за извршување на казната затвор.[8]

Покрај т.н. општи услови за стекнување погодности, постојат и посебни услови или критериуми што осуденото лице треба да ги исполнува за да може да се стекне со погодност, а тие најчесто се поврзуваат со видот на кривичното дело за кое е изречена казната затвор, должината на изречената и на издржаната казна затвор, видот на третманската група, рецидивизмот, времето што треба да помине од изрекувањето евентуална дисциплинска мерка, како и голем број лични карактеристики на осуденото лице, како што се неговата психофизичка здравствена состојба, склоноста кон бегство, склоноста кон вршење кривични дела во установата и сл.

Законот за извршување на санкциите познава повеќе погодности за осудените лица, како што се уредување на животниот простор со лични предмети, почесто примање пратки или примање пратки со поголема тежина, продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата, телефонирање без надзор, престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор, посети надвор од просториите на установата до четири часа, слободен излез од установата до седум часа, отсуство до 15 дена во текот на годината, односно до 30 дена за лица на кои им е изречена мерка упатување во воспитно-поправен дом, со тоа што отсуството во текот на месецот

[6] Член 217 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).
[7] Член 69 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020 г.).
[8] Член 217 став 2 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).

не може да биде подолго од три дена и целосно или делумно користење на одморот надвор од установата.[9]

Имајќи ја предвид основната цел на погодностите, видно е дека погодностите може да се распределат во две категории, и тоа: 1. Погодности што се состојат од ублажување на условите во установата, кои на осудениот му овозможуваат полесно справување со депривацијата од слобода и 2. Погодности што се состојат од почести контакти со надворешниот свет, кои служат како алатка за доближувањето на осудените лица кон животот на слобода, односно одржување контакти со семејството, пријателите и сл.

### *3.1. Погодности што се состојат од ублажување на условите за живот во установата*

Уредување на животниот простор со лични предмети[10] – со оваа погодност, на осуденото лице му се овозможува да го уреди животниот простор во установата, односно просторијата во која е сместено со фотографии, слики, останати лични предмети, сопствена постелнина, ТВ-апарат, радиоапарат или други работи чија содржина е етичка примерна, со кои не се нарушува функционалноста на животниот простор и кои не им пречат на останатите осудени лица што престојуваат во истата просторија. Всушност, погодноста има цел на осуденото лице да му обезбеди пријатна атмосфера и услови во затворската просторија што се, онолку колку што е можно, послични со домашните услови на живот на кои е навикнат осудениот.

Почесто примање пратки и примање пратки со поголема тежина[11] – примањето пратки на секои две седмици со тежина до 10 кг за осудените лица е законски загарантирано право, но со оваа погодност на осудените лица им се овозможува да примат повеќе од една пратка, како и да примаат пратки со поголема тежина од вообичаената (10 кг), додека, пак, погодноста има цел на осудениот да му овозможи чувство на „примена награда“ за позитивното поведение во текот на издржувањето на казната затвор во установата.

### *3.2. Погодности што се состојат од почести контакти со надворешниот свет*

Продолжени посети или посети без надзор во просториите на установата[12] – две посети во текот на месецот од страна на блиски членови на семејството во времетраење

[9] Член 218 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019).

[10] Член 71 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020 г.) и член 3 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ“ бр. 99/19 и 220/19).

[11] Член 72 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020 г.) и член 4 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ“ бр. 99/19 и 220/19).

[12] Член 73 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020 г.) и член 5 од Правилникот за составот на комисијата за користење на

до 60 минути е законски загарантирано право за секое осудено лице, но со наведената погодност, доколку осуденото лице исполнува законски критериуми, се стекнува со можност посетата да трае до 90 минути или, пак, посетата да трае до 60 минути, но без надзор од страна на службени лица.

Телефонирање без надзор[13] – исто така, покрај правото за телефонирање што важи за секое осудено лице согласно дневниот распоред на активности, осудените лица може да се стекнат и со погодноста телефонирање без надзор од страна на службени лица доколку ги исполнуваат законски наведените критериуми за „доделување" на оваа погодност.

Престој со брачен или вонбрачен другар во посебна просторија без надзор[14] – осуденото лице, доколку исполнува законски критериуми, може да престојува со брачен (доколку достави извод од Матичната книга на венчаните) или вонбрачен другар (доколку го пријави својот вонбрачен другар со изјава што своерачно ја потпишува во текот на престојот во приемното одделение, а вонбрачниот другар треба да обезбеди изјава заверена на нотар и да ја достави до установата) во посебна просторија во установата без надзор по изминување два месеци од извршената класификација во установата, и тоа, во траење од 120 минути во текот на еден месец.

Посети надвор од просториите на установата до четири часа[15] – исто така, по исполнување на определените законски критериуми, на осуденото лице може да му се одобри користење посета надвор од просториите на установата со посетител (лице од потесното семејство на осуденото лице или лице што претходно е пријавено во картонот за посети) во траење од четири часа во текот на еден месец во општината каде што се наоѓа седиштето на установата.

Слободен излез од установата до седум часа[16] – на осуденото лице може да му се одобри слободен излез од установата до седум часа во општината каде што се наоѓа седиштето на установата или во местото на живеење.

Отсуство до 15 дена во текот на годината, со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од три дена[17] – со „доделување" на оваа погодност, по исполнување на утврдените општи и посебни критериуми, осуденото лице има можност да излезе надвор од установата (во местото на живеење или во местото што претходно

погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ" бр. 99/19 и 220/19).

[13] Член 74 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица и член 6 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ" бр. 99/19 и 220/19).

[14] Член 75 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица и член 7 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ" бр. 99/19 и 220/19).

[15] Член 76 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица и член 8 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ" бр. 99/19 и 220/19).

[16] Член 77 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица и член 9 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ" бр. 99/19 и 220/19).

[17] Член 78 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица и член 10 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ" бр. 99/19 и 220/19).

го најавил) во времетраење од три дена во континуитет во текот на еден месец. Вакви излегувања надвор од установата по основ на стекната погодност, кои во затворскиот жаргон се именуваат како „викенди“, осуденото лице има можност да искористи до пет пати во текот на една година.

Целосно или делумно користење на одморот надвор од установата[18] – осуденото лице може целосно или делумно да го користи одморот надвор од установата доколку е непрекинато работно ангажирано повеќе од шест месеци.

Видно од погоре цитираните погодности за осудените лица, во основата на секоја од нив е почесто остварување контакти со надворешниот свет, со членовите на потесното семејство, пријателите, а сѐ со цел одржување нераскинливи рационални и емоционални врски со животот „на слобода“, што е од исклучително значење за успешна ресоцијализација на осуденото лице, од една страна, но и за полесно надминување на тешкотиите со кои осуденото лице се соочува како последица на неговото казнување, „затворање“ и неизбежно одделување од секојдневието на кое навикнато.

Исто така, видно од презентираните погодности, нашето законодавство нив ги определува нормативно прецизно. Имајќи го предвид ова, треба да се напомене дека нормативното регулирање на погодностите е потребно и корисно затоа што на тој начин се заокружува еден систем на погодности што ќе биде транспарентен и за самите осудени лица и ќе претставува мотивација, стимул за осудените за дисциплинирано поведение во согласност со бараните нормативни критериуми. Имено, кога на осудениот му се познати погодностите што може да ги стекне како резултат на „одреден“ начин на однесување во текот на издржувањето на казната затвор, многу е полесно да цели кон претпоставеното поведение кога е свесен за очекуваниот исход. Од друга страна, нормативното определување на погодностите превенира, односно ја минимизира опасноста од самоволие и произволност при нивната примена.

Но, од исклучително значење за институтот погодност е законодавецот да остави простор за понатамошно истражување нови погодности што би можеле да имаат ефикасно стимулативно влијание за добро поведение на осудените лица.

Во „поддршка“ на домашната регулатива што ги истакнува погодностите како значаен институт, институтот погодност и значајната улога на доделувањето погодности за осудените лица е истакната и во Стандардните минимални правила за постапување со затвореници (Правилата на Нелсон Мендела). Па така, во правилото 95 се истакнува дека во секоја установа треба да се развие систем на погодности (привилегии) соодветен за различните класи затвореници и за различните методи на третман, со цел да се поттикне добро поведение, да се развие чувство на одговорност и да се обезбедат интерес и соработка на затворениците во нивниот третман.[19]

[18] Член 79 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица и член 11 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ“ бр. 99/19 и 220/19).

[19] Стандардни минимални правила за постапување со затворениците на Обединетите нации (Правилата на Нелсон Мендела), Резолуција усвоена од Генералното собрание на 17 декември 2015 година [согласно извештајот на третиот комитет (A/70/490)]. [United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules) Resolution adopted by the General Assembly on 17 December 2015 [on the report of the Third Committee (A/70/490)]. Accessed on 17.4.2018.

Во насока на значајноста од почесто доделување погодности за осудените лица и почесто овозможување излез надвор од установата се и препораките на Комитетот на министри на владите на државите членки на Советот на Европа. Имено, Комитетот на министри на владите на државите членки препорачува на осудените лица да им се овозможува отсуство од затворот колку што е можно повеќе, било од медицинска, образовна, работна, семејна или која било друга основа, а при дозволувањето на отсуството да се земат предвид природата на кривичното дело, должината на изречената и издржаната казна, личноста и однесувањето на осуденикот, целта на отсуството, а воедно и отсуството, земајќи ги предвид сите претходно наведени околности, да се овозможува колку што е можно почесто и тоа да им се дозволува и на осуденици од установи со затворен третман, доколку тоа не се коси со загрозувањето на јавната безбедност.[20]

## 4. Постапка за одобрување на погодности

За одобрувањето на погодностите одлучува директорот на установата, а врз основа на претходно прибавено мислење од страна на комисијата за користење на погодностите.

Комисијата за користење на погодностите на осудените лица е составена од претседател, двајца членови и нивни заменици. Претседател на комисијата е раководителот на секторот за ресоцијализација во казнено-поправната установа. Членови на комисијата се службено лице од секторот за ресоцијализација и службено лице од редот на стручни или раководни припадници на затворската полиција од казнено-поправната установа. Доколку член на комисијата е службено лице од секторот за ресоцијализација, кое ја води третманската група на осуденото лице и кое го доставило предлогот со образложение за основаноста за користење на погодностите од страна на тоа осудено лице, во тој случај службеното лице се иззема од постапката и при одлучувањето го заменува неговиот заменик.[21]

Додека, пак, постапката за одобрување погодности се одвива на тој начин што воспитувачот претставник од секторот за ресоцијализација, кој ја реализира програмата за третман на осудените лица, изготвува предлог со образложение за основаноста за користење на погодноста што го доставува до комисијата за користење на погодностите. Понатаму, врз основа на процена на успешноста на програмата за реализација, комисијата доставува мислење до директорот на установата за основаноста на предлогот, а директорот со решение одлучува за погодноста. При одлучувањето за погодноста, директорот на установата ќе се раководи од начелото на индивидуализација на извршувањето на казната затвор.[22]

---

[20] The Committee of Ministers of Council of Europe R (82) 16, Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 1982 at the 350th meeting of the Ministers' Deputies.

[21] Член 2 од Правилникот за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ“ бр. 99/19 и 220/19).

[22] Член 219 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019) и член 70 од Правилникот за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020 г.).

Во случај на злоупотреба на погодноста, односно поради неоправдано доцнење при враќањето од излез надвор од установата, веднаш се известува полициската станица за определено подрачје, а во рок од 24 часа, директорот на установата ќе поднесе барање за распишување потерница и времето на неоправданото доцнење подолго од 24 часа од излезот надвор од установата не се смета во издржувањето на казната.

## 5. Консеквенции од користењето на погодностите

Како што веќе беше споменато, целта на погодностите е поттикнување на довербата на осуденото лице, ублажување на негативните влијанија од затворањето, одржување на односите со семејството и надворешниот свет, поттикнување на учеството на осуденото лице во остварувањето на процесот на ресоцијализацијата, стимул за осудениот за подигнување на самодовербата со цел негово натамошно оспособување за живот во согласност со општествено прифатените критериуми. Неспорно е дека нивната примена за осуденото лице е од непроценлива вредност со цел успешен процес на ресоцијализација и натамошна реинтеграција во општествениот живот, особено поради карактерот на погодностите чија основна цел е почест контакт со надворешниот свет, што неретко се овозможува преку погодностите поврзани со излегување надвор од установата. Но, и покрај фактот што пенолошката практика за погодностите има позитивен став, затоа што играат значајна улога како алатка за работа со осудените лица, факт е и тоа дека погодностите многу често наидуваат на злоупотреба од страна на осудените лица. Имено, практиката покажува дека „најпопуларна“, најефективна и најчесто користената погодност во текот на годините е отсуството надвор од установата до 15 дена во текот на годината, со тоа што отсуството во текот на месецот не може да биде подолго од три дена, т.н. со осуденички жаргон „викенд“ или т.н. „домашно отсуство“, но едновремено ова е и најчесто злоупотребената погодност во нашиот пенитенцијарен систем, а таа се злоупотребува на начин што осуденото лице воопшто не се враќа назад во установата по искористувањето на домашното отсуство. Па така, „во 2008 година, 68,41 % од доделените погодности биле отсуство до 15 дена во текот на годината, во 2009 година – 76,66 %, а во 2010 година доделувањето на оваа погодност драстично опаѓа и изнесува 29,86 % од вкупно користените погодности. Во 2012 година изнесува 32,05 % од вкупниот број доделени погодности“.[23] Додека, пак, што се однесува до злоупотребата на оваа погодност, „во текот на 2008 година имало вкупно 108 бегства на осудени лица, од кои 16 оддалечувања од рамките на установата, а останатите не се вратиле од домашно отсуство“.[24]

Но сепак, токму доделувањето на погодностите со кои на осуденото лице му се овозможува излез надвор од установата е одличен начин за проверка дали воопшто ресоцијализацијата, како процес на „работа“ со осудениот, ги дава посакуваните резултати. Имено, при користењето на овие погодности, осуденото лице е „ставено на

[23] Д-р Александра Груевска Дракулевски, Злоупотреба на погодностите од страна на затворениците во пенолошката практика во Република Македонија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Публикација год. 25, бр. 1, 2018 година.
[24] Ibid.

тест“ дали ќе ги злоупотреби или ќе ја оправда довербата поради која тие му биле доделени.

Оттука, особено имајќи ги предвид сите бенефити што произлегуваат од доделените погодности (како што се: позитивните ефекти кај осуденото лице од престојот со своето семејство, кои понатаму ќе бидат и дополнителен стимул за негово активно вклучување во сопственото превоспитување по враќањето назад во установата), се доаѓа до заклучокот дека користењето на погодностите е од непроценлива вредност за секое осудено лице и за процесот на ресоцијализација и реинтеграција.

Токму поради тие причини, и покрај можностите за нивна лесна злоупотреба, не смее да се размислува во насока на „недоделување“ погодности, туку да се изнаоѓаат начини за доведување до „минимум можности“ за нивна злоупотреба. Па така, при нивното доделување, од особено значење е службените лица што одлучуваат за погодностите да направат прецизна процена на осуденото лице и при донесувањето на одлуката за доделување на погодноста и по искористената доделена погодност и враќањето на осудениот назад во установата.

**Заклучок**

Основната идеја на погодностите е јакнење на мотивацијата и поттикнување на осуденото лице самостојно да се ангажира во сопственото превоспитување.

Погодностите, како значаен пенолошки институт, не се права што на осудените лица им се законски загарантирани, туку имаат факултативен карактер, односно тие се сметаат како награда што на осуденото лице, по исполнувањето голем број услови, може, но и не мора да му се додели. „Наградата“ се стекнува со доброто и дисциплинирано поведение, со залагање во работата, со развивање чувство за одговорност, со интерес и соработка во третманот што се спроведува во установата итн.

Во основата на најголем дел од погодностите е почесто остварување контакти со надворешниот свет, со членовите на потесното семејство, пријателите, блиските, со цел одржување нераскинливи рационални и емоционални врски со животот што се одвива надвор од установата. Ваквиот пристап кон издржувањето на казната затвор е од исклучително значење за успешна ресоцијализација на осуденото лице, од една страна, но и за полесно надминување на предизвиците со кои осуденото лице се соочува како последица на неговото казнување, „затворање“ и неизбежното одделување од „животот на слобода“.

Но, едновремено, од големо значење за постигнување на очекуваниот ефект од погодностите е нивната доследна примена, односно нивно доделување исклучиво како „заслужена“ награда, признание за добро, коректно и дисциплинирано поведение на осуденото лице во текот на издржувањето на казната затвор. Оттука, иако погодностите претставуваат значаен институт за постигнување успешна и ефикасна ресоцијализација на секое осудено лице, задачата на одговорните лица во установите што одлучуваат за доделувањето на погодностите е секогаш да водат сметка за позитивните и негативните ефекти од нивната примена.

Како заклучок на сето погоре споменато, покрај фактот дека е можна злоупотреба на погодностите, не смее да се размислува во насока на „недоделување“ погодности,

туку да се изнаоѓаат начини за доведување до „минимум можности“ за нивна злоупотреба. Па така, на погодностите треба да се гледа како на средство за остварување превоспитување на осудените лица и да се стреми кон создавање услови за унапредување на системот на погодностите со зголемување на бројот на погодностите и збогатување на нивната содржина.

Притоа, при нивното доделување, од особено значење е службените лица што одлучуваат за погодностите да извршат соодветна процена на личноста и однесувањето на осуденото лице, да ги земат предвид природата на кривичното дело, должината на изречената и издржаната казна, целта на излегувањето од установата итн., а воедно да се следат и препораките на меѓународните релевантни тела за овозможување колку што е можно почест излез на осудените лица надвор од установите.

**Користена библиографија:**


1. Д. Џуриќ, Погодности во системот за извршување на кривични и прекршочни санкции во СР Босна и Херцеговина, Материјали од седмото советување на Здружението за пенологија на Босна и Херцеговина, Бања Лука, 1976 година,
2. В. Проевски, Збирка на прописи за извршување на санкциите со коментар, „Службен весник на СРМ“, Скопје, 1981 година,
3. Gruevska-Drakulevski, Aleksandra (2013) “Granting Privileges to Prisoners in the Penologica Practice of the Republic of Macedonia”, in Iustinianus Primus Law Review, No. 8, winter 2013, Skopje: Faculty of Law “Iustinianus Primus” in Skopje,
4. Арнаудовски, Љ./Груевска Дракулевски, А. „Пенологија“ (прв и втор дел), Правен факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, 2 Август С Штип, Скопје, 2013,
5. Сулејманов, Зоран, (1998), „Коментар на Законот за извршување на санкциите“, Скопје,
6. Д-р Александра Груевска Дракулевски, Злоупотреба на погодностите од страна на затворениците во пенолошката практика во Република Македонија, Здружение за кривично право и криминологија на Македонија, Публикација год. 25, бр. 1, 2018 година,
7. Закон за извршување на санкциите („Службен весник на РМ“ бр. 99/2019; 190/2019),
8. Правилник за Куќниот ред за осудени лица што издржуваат казна затвор во казнено-поправна установа (јуни, 2020),
9. Правилник за составот на комисијата за користење на погодностите, видот и начинот на користење на погодностите на осудените лица („Службен весник на РМ“ бр. 99/19 и 220/19),
10. Правилник за распоредување, класификација и разместување на осудените лица во казнено-поправните установи („Службен весник на РМ“ бр. 87/2020),
11. Правилник за времето што треба да го помине и условите што треба да ги исполни осуденото лице во установата од определен вид или во соодветно одделение на установата од општ вид (Скопје, февруари 2020).

12. Упатство за определување на видовите и начините на третман на осудените лица („Службен весник на РМ“ бр. 133/2020),
13. Стандардни минимални правила за постапување со затворениците на Обединетите нации (Правилата на Нелсон Мендела), Резолуција усвоена од Генералното собрание на 17 декември 2015 година [согласно извештајот на третиот комитет (A/70/490)]. [United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules) Resolution adopted by the General Assembly on 17 December 2015 [on the report of the Third Committee (A/70/490)]. Accessed on 17.4.2018,
14. The Committee of Ministers of Council of Europe R (82) 16, Adopted by the Committee of Ministers on 24 September 1982 at the 350th meeting of the Ministers' Deputies,
15. https://pravda.gov.mk/
16. https://biroescp.gov.mk/
17. https://uis.gov.mk/
18. http://www.ohchr.org/
19. https://www.coe.int/
20. http://maclc.mk/

**M.Sc. Lirim Kadriu**

# BENEFITS OF CONVICTED PERSONS IN THE SYSTEM OF ENFORCEMENT OF CRIMINAL SANCTIONS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA "THROUGH THE PRISM" OF DOMESTIC AND INTERNATIONAL REGULATIONS

**Abstract**

The central line in this paper is the facilities, as a particularly important institute for every convicted person during the serving of the prison sentence. The benefits that convicts may or may not be granted are not a guaranteed right, but have an optional nature. Benefits represent a reward that a convicted person can receive due to good behavior, demonstrated interest and cooperation with the resocialization team, encouraging good behavior in the institution, etc. On the other hand, the granted convenience is a significant tool and measure of the level of success of the resocialization process, as well as motivation for further good behavior and successful reintegration. The paper elaborates the aspects of the meaning of amenities, the amenities that convicts in our country "have", from the perspective of the normatively determined amenities in the domestic legislation, but also the position of the international regulation on amenities, the procedure for their allocation, as well as the positive, but also the negative effects of their use. Despite the fact of possible abuse of facilities, one should not think in the direction of their "non-assignment", but in the direction of finding ways to bring to "minimum opportunities" for their abuse, as well as striving to create conditions for the advancement of the system of amenities, by enriching the number of amenities and their content.

**Key words**: amenities, good behavior, resocialization, reintegration, convicted person